РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-364/5
20.11.2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 25-11-2024

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 2221 | /1 | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 16 седница одржана на 04.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Технологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Технологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на технички науки /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Technical Sciences, PhD.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.02. Електротехника, електроника и информациско инженерство, 2.03. Машинство, 2.04. Хемиско инженерство, 2.05. Инженерство на материјали, 2.07. Инженерство на животна средина; потполе 2.07.01. Инженерство на заштита на животна средина, 2.08. Биотехнологија на животна средина, 2.09. Индустриска биотехнологија, 2.10. Нанотехнологија, 2.11. Друго (останато) инженерство и технологии; потполе 2.11.02. Индустриско инженерство и менаџмент; потполе 2.11.05. Прехранбено инженерство и технологии; потполе 2.11.06. Текстилно инженерство; потполе 2.11.07. Металургија; потполе 2.11.08. Неорганска хемиска технологија; потполе 2.11.09. Органска хемиска технологија; потполе 2.11.10. Контрола на квалитет.
Научно - истражувачко област: 2.02.00.13 Енергија, екологија и одржлив развој, 2.02.00.16 Контрола на квалитет, 2.02.00.17 Метрологија, 2.02.00.19 Обновливи извори на енергија, 2.03.00.02 Менаџмент и контрола на квалитет, Сите области од 2.04, Сите области од 2.05, Сите области од 2.07, Сите области од 2.08, Сите области од 2.09, Сите области од 2.10, 2.11.02.02 Индустриски менаџмент, Сите области од 2.11.05, Сите области од 2.11.06, Сите области од 2.11.07, Сите области од 2.11.08, Сите области од 2.11.09, Сите области од 2.11.10.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Дафинка Стоевска – Гоговска, проф. д-р Свето Цветковски, проф. д-р Благој Ризов, проф. д-р Драгица Чамовска, проф. д-р Перица Пауновиќ, проф. д-р Александар Димитров, проф. д-р Горан Начевски, проф. д-р Мирко Маринковски, проф. д-р Бети Андоновиќ, проф. д-р Стефан Кувенџиев, проф. д-р Зоран Поповски, проф. д-р Емилија Фиданчевска, проф. д-р Соња Ќортошева , проф. д-р Јадранка Блажевска Гилев, проф. д-р Ирина Младеноска, проф. д-р Горан Дембовски, проф. д-р Слободан Богоевски, проф. д-р Весна Рафајловска, проф. д-р Александра Бужаровска, проф. д-р Весна Димова, проф. д-р
Анита Грозданов, проф. д-р Билјана Манговска, проф. д-р Гордана Богоева Гацева, проф. д-р Гордана Русеска, проф. д-р Елена Величкова Никова, проф. д-р Маја Јанковска, проф. д-р Елена Томовска, проф. д-р Кирил Лисичков, проф. д-р Зоран Кавраковски, проф. д-р Игор Јорданов, проф. д-р Донка Донева-Шапческа, проф. д-р Бошко Бошковски.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-362/3 од 28.02.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Технологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-526/1 од 13.03.2024 година (наш бр. 08 - 364/1 од 29.04.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 14-та седницата одржана на 30.09.2024 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 364/4 од 19.11.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 16-та седница одржана на 04.11.2024 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски